РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4095/3
08.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од дванаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.9.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Ѓуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори дванаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 9:30 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од единаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.9.2025 година.
2. Предлог-упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од единаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.9.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлог-упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025. Тој потсети дека Нацрт-упатството беше усвоено од Советот на 24 септември 2025 година и веднаш потоа

објавено на веб-страницата на Агенцијата, со цел сите заинтересирани страни да можат да достават свои забелешки. Крајниот рок за коментари беше 25 септември 2025 година, а до Агенцијата пристигнаа две претставки – една од Телевизија Сител и една од политичката партија Левица. Д-р Трајчевски нагласи дека и обете претставки се целосно неприфатливи, бидејќи се во спротивност со Изборниот законик. *Претставката од Телевизија Сител* се однесува на точка 7 од Упатството, при што телевизијата побара да се дозволи емитување на повеќе ППР за одредени учесници во случај на „техничка грешка", без тоа да се смета за прекршување. Директорот истакна дека вакво барање не може да се прифати бидејќи во пракса е невозможно да се утврди дали станува збор за грешка или за намерен пропуст. Тој потсети дека во минати изборни циклуси имало случаи радиодифузери да емитуваат политички реклами надвор од медиа планот, не само за неколку секунди туку и за многу повеќе. Затоа, секој ваков случај во 2025 ќе се разгледува поединечно, за да се утврди дали навистина се работи за техничка грешка или за прекршување на Законот. Во однос на *претставката на политичката партија Левица,* таа се однесува на точките 3 и 10 од Упатството. И двата предлога се одбиени. Д-р Трајчевски потсети дека во член 75-ѓ, став 1 од Изборниот законик јасно е пропишано дека двете најголеми партии од власта и двете најголеми партии од опозицијата добиваат по максимум четири минути за ППР, а распределбата од 4 минути меѓу нив тие ја договараат со меѓусебен договор. Усвојувањето на предлогот на Левица би значело излегување надвор од законската рамка. Во врска со точка 10, која се однесува на можноста одредена партија или коалиција да поддржи кандидат кој не е дел од коалиција или е независен кандидат, тој појасни дека оваа практика е присутна и во претходните изборни циклуси и не претставува новина. Ист приговор Левица имала и во 2021 година, кога бил разгледан од Државната комисија за спречување корупција и бил отфрлен како неоснован. Поради сите наведени причини, директорот предложи Советот на Агенцијата да го донесе Предлог-упатството во иста форма како Нацрт-верзијата.

Советничката Цветанка Миновска се обрати со прашање дали постои временска толеранција во однос на техничките грешки при емитување платено политичко рекламирање (ППР), односно дали има дозволено ограничување во секунди што би се сметало за грешка или, пак, не е дозволено никакво надминување на предвиденото времетраење.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, потврди дека вакви ситуации навистина се случувале во минатите изборни циклуси. Тој објасни дека политичките партии доставуваат спотови со назначена должина, на пример една минута и 30 секунди, но при емитување може да се случи тие да траат една минута и 37 секунди. На тој начин блокот од четири минути за ППР може да биде надминат за седум секунди. Трајчевски истакна дека во вакви случаи, кога ситуацијата се повторува во текот на денот, Агенцијата реагира со укажување и радиодифузерите веднаш го запираат емитувањето и вршат корекција. Во такви околности е очигледно дека се работи за техничка грешка. Сепак, доколку радиодифузер емитува спот од седум минути, тоа не може да се третира како грешка, бидејќи Законот строго пропишува дека една партија не може да добие повеќе од четири минути, освен ако нема договор со друга партија за отстапување на дел од времето. Тој додаде дека, иако законски не е предвидена толеранција за надминување на дозволените секунди или минути, кога е очигледно дека станува збор за ненамерна техничка грешка, Агенцијата излегува во пресрет. Заклучи дека секој случај ќе се разгледува поединечно, бидејќи не може однапред да

се одреди дали ќе се толерираат две, три или десет секунди, важно е дали е видливо дека се работи за ненамерна техничка грешка или за прекршување на Законот.

Претседателот на Советот, Стефановски, заклучи дека Агенцијата ќе излегува во пресрет во ситуации кога е очигледно дека станува збор за техничка грешка. Тој истакна дека ќе има разбирање за радиодифузерите при емитување на ППР за време на претстојните Локални избори.

Советникот Виктор Павловски постави прашање дали Советот ќе гласа одделно за предлозите доставени од Телевизија Сител и од политичката партија Левица.

Директорот д-р Зоран Трајчевски појасни дека такво гласање е можно единствено ако некој од членовите на Советот се изјасни дека прифаќа некој од двата предлога. Во тој случај претседателот ќе го стави предлогот на гласање, по што ќе се види дали ќе биде поддржан од мнозинството и вграден во упатството. Тој додаде дека стручната служба на Агенцијата, односно правниот сектор веќе оцениле дека предлозите на Сител и Левица се спротивни на Законот, па затоа Агенцијата предлага Упатството да се усвои во целина, без тие измени, преку едно гласање.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното упатство да го објави на веб-страницата на Агенцијата и по електронска пошта да го достави до сите радиодифузери.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**